**20260921392**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 април 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22, 206/22, 43/23, 123/23, 223/23, 82/24, 188/24, 26/25, 88/25, 157/25 и 29/26), во член 3 став (1) во алинејата 2 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Во алинејата 3 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 4 се брише.

Во ставот (2) во алинејата 4 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 6 се брише.

Во ставот (4) во алинејата 2 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Во алинејата 3 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 4 се брише.

Член 2

Во член 5 во ставот (1) алинејата 3 се брише.

Алинејата 5 се брише.

Алинејата 10 се брише.

Ставот (4) се брише.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите „алинеја 4“ се заменуваат со зборовите „алинеја 3“.

Ставот (6) се брише.

Во ставот (7) кој станува став (5) во воведната реченица зборовите „алинеја 6“ се заменуваат со зборовите „алинеја 4“.

Во ставот (8) кој станува став (6) зборовите „алинеи 7 и 8“ се заменуваат со зборовите „алинеи 5 и 6“.

Во ставот (9) кој станува став (7) зборовите „алинеи 9 и 11“ се заменуваат со зборовите „алинеи 7 и 8“.

Ставот (10) се брише.

Ставот (11) станува став (8).

Во ставот (12) кој станува став (9) зборовите „алинеите 2 и 6“ се заменуваат со зборовите „алинеите 2 и 4“.

Ставот (13) се брише.

Во ставот (14) кој станува став (10) зборовите „алинеја 4“ се заменуваат со зборовите „алинеја 3“.

Во ставот (15) кој станува став (11) зборовите „алинеи 7, 8 и 9“ се заменуваат со зборовите „алинеи 5, 6 и 7“.

Ставот (16) се брише.

Во ставот (17) кој станува став (12) зборовите „алинеја 11“ се заменуваат со зборовите „алинеја 8“.

Член 3

Во член 11 став (1) зборовите „алинеи 4, 10 и 11“ се заменуваат со зборовите „алинеи 3 и 8“.

Во ставот (2) зборовите „алинеи 1, 2, 3 и 5“ се заменуваат со зборовите „алинеи 1 и 2“.

Во ставот (4) во воведната реченица зборовите „алинеја 2“ се бришат.

Во ставот (7) зборовите „алинеја 6“ се заменуваат со зборовите „алинеја 4“.

Во ставот (8) зборовите „алинеи 7, 8 и 9“ се заменуваат со зборовите „алинеи 5, 6 и 7“.

Во ставот (12) по зборот „(фотографии)“ се додаваат зборовите „ ,како и список на потпишани учесници, кој е заверен на нотар“.

Ставот (13) се менува и гласи:

„Корисниците на техничка поддршка од ставот (9) на овој член треба до Министерството да достават извештаи за реализација на активностите, по секоја реализирана активност посебно согласно планот на активности од член 12 став (3) точка 4 од оваа уредба.“.

Член 4

Во членот 12 се додава нов став (1) кој гласи:

„(1) Корисниците на техничка поддршка од член 3 став (1) од оваа уредба доколку се здруженија од обласна на земјоделството и руралниот развој регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и задруги регистрирани согласно Законот за задругите, треба да имаат најмалку 10 членови.“

Ставот (1) кој станува став (2) се менува и гласи:

„(2) Субјектите од член 3 став (5), член 4 став (7), член 5 став (1) алинеи 5, 6 и 7, член 8 и член 9 став (1) од оваа уредба за учество во постапка доставуваат предлог за користење на техничката поддршка до Министерството.“.

Во ставот (2) кој станува став (3) во воведната реченица зборовите „став (1)“ се заменуваат со зборовите „став (2)“.

По точката 5 се додаваат три нови точки 6, 7 и 8 кои гласат:

„6. Изложбен дел (список на изложувачи, со вид на производи);

7. Едукативен дел (список на едукатори и работилници, панели со иновативни и дигитални решенија во земјоделството итн.);

8. Културно-промотивен дел (традиционална музика, локална уметност);“

Во точката 6 која станува точка 9 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Точката 7 која станува точка 10 се менува и гласи:

„10. Изјава од организаторот дека ќе обезбеди најмалку 10 изложувачи, заверена на нотар.“

Точката 8 се брише.

Во ставот (3) кој станува став (4) во воведната реченица зборовите „став (2)“ се заменуваат со зборовите „став (3)“.

Ставовите (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (5), (6), (7) и (8).

Ставот (8) кој станува став (9) се менува и гласи:

„(9) За техничката поддршка од член 5 став (1) алинеја 3 од оваа уредба, субјектите до Министерството доставуваат:

1. Предлог за користење на техничката поддршка кој содржи:

- Податоци за предлагачот;
- Назив на производот и кратко резиме на предлогот;
- Опис на производот и неговите карактеристики, како и поврзаноста со географското подрачје или традиционалниот карактер на производот (во зависност од видот на ознаката);
- Опис на активностите за кои се бара поддршка (изработка на елаборат и спецификација, лабораториски анализи, истражување на пазар и активности за контрола и верификација);
- План на активности со временска рамка и методологија за нивна реализација и
- Финансиски план со детална спецификација на трошоците, временска рамка за нивно настанување, изворите на финансирање, банкарска сметка за исплата на средствата и одговорно лице за спроведување на активностите;

2. Изјава дека прифатливите трошоци за реализација на активноста не се финансирани од друга институција, заверена на нотар;

3. Доказ за поврзаност на производот со географското подрачје (за ознака за потекло и географска ознака) или доказ за специфичниот и традиционалниот карактер на производот (за гарантиран традиционален специјалитет) и

4. Изјава за бројот на производители кои го произведуваат производот и кои се членови на групата од член 5 став (10) од оваа уредба, количината на годишно производство, дефинираното географско подрачје (за ознаки за потекло и географска ознака), како и очекуваните придобивки од заштитата на производот.“.

Ставовите (9) и (10) се бришат.

Во ставот (11) кој станува став (10) зборовите „алинеја 6“ се заменуваат со зборовите „алинеја 4“.

Во ставот (12) кој станува став (11) зборовите „алинеја 8“ се заменуваат со зборовите „алинеја 6“.

Во ставот (13) кој станува став (12) зборовите „алинеи 9 и 11“ се заменуваат со зборовите „алинеи 7 и 8“.

Ставот (14) се брише.

## Член 5

Во член 13 во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:

„Изборот на предлозите по намените од член 2, член 5 став (1) алинеја 3, членови 6 и 7 и член 9 став (1) од оваа уредба, ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Изборот на предлозите по намените од член 3 став (1) алинеја 1 од оваа уредба, ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| | Критериум | Бод |
|---|---|---|
| 1 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 10 членови | 10 |
| 2 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 20 членови | 20 |
| 3 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 30 членови | 30 |
| 4 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 40 членови | 40 |
| 5 | Жени и/или млади од 18 до 40 години кои се управители на здруженија, задруги и правни лица кои вршат дејност во областа на земјоделството и руралниот развој | 20 |
| 6 | Презентации на иновативни или дигитални решенија во земјоделството | 20 |
| 7 | Здружување на корисниците на поддршка, јавно-приватно партнерство или други форми на партнерство со поголем број на корисници | 10 |
| 8 | Претходно искуство во реализација на активностите од значење за целната група на крајни корисници на поддршка | 10 |

“.

Ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) станува став (4).

Во ставот (7) кој станува став (5) зборовите „(5) и (6)“ се бришат.

Ставовите (8), (9) и (10) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Ставот (11) се брише.

Член 6

Во член 14 ставот (3) се брише.

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, исплатата на техничката поддршка по корисници за намените од член 4 од оваа уредба се врши во износ од 100% од одобрената сума, во согласност со одобрените средства во програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. “.

Ставот (5) се брише.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3200/9
28 април 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.